Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 189/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за A1on.mk ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „Дали сé е во ред со Нејмар? Пристигна на премиерата на филмот Барби облечен како жена“, објавен на 22 јули на интернет порталот A1on.mk на 22.07.2023 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28 јули 2023 година од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ пристигна жалба за текстот „Дали сé е во ред со Нејмар? Пристигна на премиерата на филмот Барби облечен како жена“, објавен на 22 јули на порталот за A1on.mk.

Жалителот наведува во жалбата дека станува збор за дискриминирачки наслов и текст, полн со говор на омраза, кој во ниту еден сегмент не може да се нарече новинарски, и претставува класичен пример за ширење дискриминација и говор на омраза, врз основа на сексуална припадност. Во Жалбата натаму се вели дека со насловот „Дали се е во ред со Нејмар? Пристигна на премиерата на филмот Барби облечен како жена“ – новинарот свесно создава информации што ги загрозуваат човековите права и слободи, говори со јазикот на омразата и поттикнува на насилство и дискриминација. Во прилог на ова, жалителот дополнува и дека од фотографијата во текстот се гледа дека лицето не е облечено како „жена“, но дури и да било така, новинарот се впушта во „нарушување на приватноста...“ и во ширење стереотипи поврзани со начинот на облекување во смисла дека сината боја е за мажи, а розовата за жени.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од A1on.mk да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Но одговор не беше добиен.

**МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ**

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е основана и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На седницата на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Медиумот веројатно презел текст од друг медиум, но го преработил и пренел на сензационалистички начин, манипулирајќи со насловот во обидот да привлече што повеќе читатели. Иако во текстот и во насловот не може да се препознае директен говор на омраза или дискриминирачки наводи поврзани со сексуална ориентација, сепак со алузијата содржана во самиот наслов („облечен како жена“ и „дали е сé во ред со него“) медиумот

поттикнува и засилува стереотипно гледиште кон родовите улоги. Фактот што познатиот фудбалер е облечен во розова облека, како што може јасно да се забележи од фотографијата, во насловот е испревртен во потсмев кон секој маж кој ќе се осмели да се облече во розово – имплицирајќи дека со „него нешто не е во ред“, бидејќи облечен во таа боја наликува на жена.

Нејмар е јавна личност и интересот на публиката за него и за неговиот приватен живот е очекуван, а со тоа и пишувањето на медиумите треба да е послободно. Но, сепак некои граници треба да постојат. Медиумот не може да си дозволи, заради привлекување кликови и реклами, да манипулира со фактите и да шири стереотипни и сексистички гледишта во поглед на поврзаноста на бојата на облеката со родовата припадност.

Оттука и ставот на Комисијата дека се нарушени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите и од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

*Член 1*
*Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

*1.3. Онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда. Фотомонтажите, обработените фотографии или други интервенции во автентични документи мора да се јасно разграничени од оригиналот и означени како такви со соодветен текст.*

*Член 10 Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).*

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595